Јавно претпријатие за државни патишта

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Бр.-Nr. 02-12763/7
25-11-2019 20___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРАВИЛНИК

За формата и содржината на јавниот оглас, пријавата за вработување и начинот на спроведување на селекцијата за вработување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта

ноември 2019 година

Врз основа на член 37 – њ од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр. број 38/96, 9/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 6/15, 39/16, 64/18 и 35/19) и член 20 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта донесе

# ПРАВИЛНИК

## За формата и содржината на јавниот оглас, пријавата за вработување и начинот на спроведување на селекцијата за вработување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на јавниот оглас, пријавата за вработување и начинот на спроведување на селекцијата за вработување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта.

### Член 2

За спроведување на постапката за вработување на давателите на јавна услуга, Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта донесува Одлука за пополнување слободни работни места по пат на објавување на јавен оглас.

### Член 3

За започнување на постапка за вработување на давател на јавна услуга директорот на јавното претпријатие објавува јавен оглас, кој се објавува на интернет страницата на јавното претпријатие, како и во најмалку три дневни весници, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

### Член 4

Јавниот оглас за пополнување на работни места на давателите на јавни услуги во Јавното претпријате за државни патишта содржи:

- за секое различно работно место во огласот: реден број, шифра, назив и број на извршители;
- за секое различно работно место во огласот: општи услови (согласно закон и/или колективен договор); посебни услови (образование, работен стаж, општи и посебни работни компетенции како на пр. познавање на странски јазик, работа со компјутери и други услови согласно актот за систематизација на институцијата); и/или дополнителни услови, доколку има потреба (статус на лице со посебни потреби, статус на дете без родители и без родителска грижа кое до својата 18-годишна возраст имало ваков статус, или статус на корисник на државна стипендија);
- за секое различно работно место во огласот: место на извршување на работните задачи, распоред на работното време; почеток и завршеток на дневното и неделното работно време;
- за секое различно работно место во огласот: паричен нето износ на плата;
- напомена: “Согласно годишниот план за вработување на институцијата за ______година, вработувања се предвидени за______ (се наведува припадноста на заедницата/заедниците)“;
- рок за доставување на пријава за вработување,
- на кој начин и каде треба да се поднесе пријавата и задолжителните докази за исполнување на

условите за вработување (со наведување на точна адреса);
- кратка информација за начинот за спроведување на постапката за селекција (да се наведат фазите, на пр: проверка на пријавата и доказите, тестови, испити, интервју и/или други форми за проверка на кандидатите).

Рокот за пријавување на јавниот оглас од ставот (1) на овој член е 15 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

Член 5

Кандидатите за пополнување на работно место на давател на јавна услуга во јавното претпријатие поднесуваат пријава за вработување, (која е дадена во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник), согласно со условите предвидени во огласот за вработување на давател на јавна услуга во Јавното претпријатие на државни патишта.

Заинтерираните кандидати Пријавата за вработување можат да ја превземат од веб страната на Јавното претпријатие за државни патишта или пак од пријавницата на јавното претпријатие.

Пријавата за вработување на работно место содржи:
- податоци за огласот (број и датум на објавување на јавниот оглас)
- податоци за работното место (назив и шифра на работното место)
-податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон, припадност на заедница),
- кратко мотивационо писмо
- кратка биографија,
- изјава за исполнување на општите услови за работното место за секој услов поодделно
- изјава за исполнување на посебни услови за работното место за секој услов поодделно
- изјава со која кандидатот под морална и кривична одговорност ќе потврди дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Кон пријавата кандидатите задолжително ги прикачуваат потребните докази за податоците внесени во истата кои треба да бидат во оригинална форма или копија заверена на нотар.

Член 6

За спроведување на постапката за вработување на давателите на јавна услуга, Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта со решение формира Комисијата за селекција за постапка за вработување на даватели на јавни услуги.

Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од:

- непосреден раководен давател на јавна услуга, кој е претседател на комисијата и негов заменик
- раководителот на организационата единица за човечки ресурси, односно административниот службеник кој ги врши работите кои се однесуваат за управување со човечки ресурси и негов заменик
- вработен во јавното претпријатие со статус давател на јавна услуга и негов заменик

По исклучок од ставот (2) на овој член, во организационата единица во која нема раководен давател на јавна услуга Комисијата ја сочинуваат било кои вработени со статус на даватели на јавни услуги од јавното претпријатие.

Член 7

Постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги во јавното претпријатие се состои од три фази и тоа проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази кон пријавата и интервју.

Член 8

По спроведената проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, Комисијата составува записник.

Со записникот, за секое различно работно место од огласот се приложуваат:
- список на уредни и неуредни кандидати, која ги содржи следните податоци: име и презиме на секој од уредните кандидати, име и презиме на секој неуреден кандидат и причина за неговата неуредност и листа на кандидати кои продолжуваат во втората фаза- проверка на приложените докази кон пријавата.

Спроведената проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас завршува најдоцна во рок од 10 дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавниот оглас.

Член 9

Најдоцна во рок од 10 дена од спроведената проверка на внесените податоци во пријавата за вработување, Комисијата за селекција врши проверка на приложените докази кон пријавата за секое работно место и за секој кандидат и за истото составува Записник во кој се назначува времето на одржување на интервјуто.

Член 10

Интервјуто на кандидатите за вработување на работно место се врши од страна на Комисијата, најдоцна во рок од 10 дена од проверката на приложените докази кон пријавата.

За денот, часот и местото на одржување на интервјуто кандидатите се известуваат електронски или по телефон.

На интервјуто може да се поставуваат прашања во усна или писмена форма или комбинација на двете форми.

Интервјуто го води претседателот на Комисијата кој обезбедува еднаков и фер однос кон сите кандидати.

Член 11

На интервјуто, преку ситуациони прашања, се проверуваат потребните општи работни работни компетенции за категоријата на која припаѓа работното место, а преку стручни прашања или практични задачи, се проверуваат посебните работни компетенции од описот на работното

место, како и активното користење на македонскиот јазик.

По завршување на интервјуто, Комисијата составува записник во кој е содржан список на кандидати со кои е спроведено интервјуто и во кој е содржано бодирањето за познавање на материјата од општи работни компетенции, посебни работни компетенции и активното користење на македонскиот јазик и тоа:

-за општи работни компетенции – најмногу 40 бода

- за посебни работни компетенции – најмногу 40 бода

- активното користење на македонскиот јазик – најмногу 20 бода

Член 12

Во рок од три дена од денот на спроведувањето на интервјуто, согласно со освоените бодови, Комисијата за селекција изготвува конечна ранг листа од пријавените кандидати.

Комисијата за селекција го бира најдобро рангираниот кандидат, врз основа на извршеното бодирање и во рок од три дена го предлага на директорот за Јавното претпријатие за државни патишта.

Во случај кога на јавниот оглас за вработување на давател на јавна услуга во Јавното претпријатие за државни патишта нема пријавено ниту еден кандидат, јавниот оглас се поторува.

Член 13

Директорот на јавното претпријатие, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 12 од овој Правилник носи Одлука за избор.

Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на јавното претпријатие.

Против одлуката од ставот 1 на овој член незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Управниот одбор на Јавното претпријатие.

Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, директорот на Јавното претпријатие со избраниот кандидат склучува договор за вработување.

Член 14

Комисијата за селекција во рок од 5 работни дена дена од склучувањето на договорот за вработување со избраниот/те кандидат/и писмено да го известат кандидатот кој не е избран дека не не е избран и кој кандидат е избран и да му ги врати сите документи што ги доставил како доказ за исполнување на бараните услови за вршење на работата.

Член 15

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Управен одбор

Претседател

Љупка Цикарска

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Скопје - Shkup

Прилог бр.1

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРИЈАВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ** | | | |
| **1. податоци за огласот** | | | |
| број и датум на објавување на јавниот оглас | | | |
| **2. податоци за работното место** | | | |
| назив на работно место | | | |
| шифра на работно место | | | |
| **3. податоци за кандидатот** | | | |
| Име | Презиме | | |
| Матичен број | | | |
| Датум на раѓање | | | |
| Место на раѓање | | | |
| Адреса и место на живеење | | | |
| Електронска адреса | | | |
| Контакт телефон | | | |
| Припадност на заедница | | | |
| Кратко мотивационо писмо | | | |
| **4. кратка биографија** | | | |

| | |
|---|---|
| **5.изјава за исполнување на општите услови за работното место со ДА/НЕ за секој услов поодделно** | |
| Да е државјанин на Република Македонија | ДА / НЕ |
| Активно да го користи македонскиот јазик | ДА / НЕ |
| Да е полнолетен | ДА / НЕ |
| Да има општа здравствена способност за работното место | ДА / НЕ |
| Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или дол | ДА / НЕ |
| **6. Изјава за исполнување на посебни услови за работното место со ДА/НЕ за секој услов поодделно** | |
| Да има соодветни стручни квалификации потребни за работното место | ДА / НЕ |
| Да има соодветно работно искуство потребно за работното место | ДА / НЕ |
| Да поседува соодветни посебни работни компетенции потребни за работното место | ДА / НЕ |
| | |

**7. Изјава под материјална и кривична одговорност со која потврдувам дека податоците од пријавата се точни, а доставените докази се оригинал односно верни на оригинал**

ДА / НЕ

**датум на пријавување**

____________________

**Потпис на кандидатот**

____________________